

**6. MakeDox**
Creative Documentary Film Festival
**20-26 JUNE 2015**
Skopje, Macedonia
www.makedox.mk

Датум: **21-25 јуни 2015**
Место: **МКЦ – Џебно кино**



# Работилница за ритам

*Може да се прави, држи, слуша, чувствува. На концерти и изложби, во кино, на протести, по дома, во природа...или тукуречи секаде.*
*Дури и на годинешната работилница на „МакеДокс“.*

*Што е тоа?**

Работилницата за ритам е замислена како петдневна повеќеслојна шема на повторливи практични активности, предавања и продлабочена дискусија со **Братко Бибич, Тони Китановски, Едуардо Раон и Миха Задникар** за различните сложени интеракции меѓу документарниот филм и музиката и за улогата на звукот во документарниот филм воопшто.

Работилницата е отворена за сите љубопитни музичари, композитори, режисери, монтажери, тон-мајстори, диџеи, вљубеници во визуелнатата и перформативната уметност и во документарната форма. Покрај скокотливиот теориски дел, учесниците ќе можат одблизу да видат како тече целосниот работен процес на група одбрани музичари кои под уметничкото водство на **Едуардо Раон и Тони Китановски** ќе (на)прават нова музичка подлога за познатиот филм на **Зига Вертов „Ентузијазам. Симфонијата на Донбас“ од 1931 година.**

Организирана во соработка со **Кинотеката на Македонија** и **Кинотеката на Словенија,** работилницата ќе заврши на **25 јуни 2015 година** во **Куршумли ан** со **премиерно прикажување на филмот и изведба на компонираната филмска музика во живо.**
Словенечката премиера ќе се одржи во првата половина на **октомври 2015 година во Кинотеката на Словенија во Љубљана** по повод 20-та годишнина од постоењето на нејзината програма **„Кино-уво“ (Кино-ухо)**.

Сите заинтересирани и понесени од ритамот треба да испратат мејл со општи податоци **(име и презиме, година на раѓање, поле на интерес и мотивација за учество)** на **bratko.bibic@guest.arnes.si** најдоцна до **19 јуни 2015 година.**

**Распоредот** на работилницата е достапен **тука.**
**Учеството во работилницата е бесплатно.**

* ритам